## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 71 став 3 од Законот за шумите („Службен весник на Република Македонија" бр. 64/09, 24/11, 53/11, 25/13, 79/13, 147/13 и 43/14), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОДОБРЕНИЕТО И ВИДОТ НА ПРОИЗВОДИТЕ ОД ДРВО ЗА ИЗВОЗ

**Член 1**

Во Правилникот за формата и содржината на барањето и формата и содржината на одобрението и видот на производите од дрво за извоз („Службен весник на Република Македонија" бр.154/10) Прилогот 1 се заменува со нов Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

**Член 2**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 02-
4173/1 Министер
за земјоделство,

7 мај 2014
година шумарство
и водостопанство,

Скопје
Љупчо Димовски, с.р.

ПРИЛОГ 1

ДО
Министерството за земјоделство,
шумарство и водостопанство

БАРАЊЕ
ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА ИЗВОЗ

Врз основа на член 71 од Законот за шумите ("Службен весник на Република Македонија" бр. бр.64/09, 24/11, 53/11, 25/13, 79/13, 147/13 и 43/14), барам да ни издадете одобрение за извоз на

______________________________________________________________.

(видот на производите од дрво)

1. Назив на правното лице (испраќач/извозник):

2. Адреса и седиште:

3. Општина:

4. Даночен број на правното лице (ЕДБС):

5. Матичен број на правното лице:

6. Тарифна ознака на десетцифрено ниво:

7. Наименување на стоката според царинската номенклатура:

8. Трговско име на стоката:

9. Количина на стоката за која се поднесува барањето, изразено во единечна мерка:

Прилог:
- Документ за потекло на производот;
- Одобрение за продажба;
- Договор за купопродажба и
- Одобрение за сеча (доколку дрвото потекнува од приватна шума).

Барател

М.П.*

* За трговските друштва не е задолжителна употреба на официјалниот печат согласно Законот за трговските друштва